РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
Бр. 04- 436/9
19.12.2019 година
СКОПЈЕ

Директорот на Државниот управен инспекторат врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) донесе

# ОДЛУКА

## за избор за кандидат по интерен оглас 02/2019 од 10.12.2019 година за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 02/2019 за унапредување на административни службеници во Државен управен инспекторат, објавен на веб страната на Државен управен инспекторат и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Советник инспектор Ниво В1, во Одделение за вршење инспекциски надзор северозапад, Сектор за вршење инспекциски надзор Запад и шифра ИНС0101В01001,............1 (еден) извршител, се избира следниот кандидат:

-Самет Авдиу

2. Директорот на Државниот управен во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На веб страната на Државен управен инспекторат и Агенцијата за администрација, на ден 10.12.2019 година беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Државен управен инспекторат во кој како едно од работните места беше објавено и работното место место Советник инспектор Ниво В1, во Одделение за вршење инспекциски надзор северозапад, Сектор за вршење инспекциски надзор Запад ИНС0101В01001.....1 (еден) извршител - 1 извршител.

Scanned by CamScanner

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Државен управен инспекторат, формирана со Решение бр. 04-486/6 од 19.12.2019 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-486/7 од 19.12.2019 година, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записник заведен под бр. 04-486/8 од 19.12.2019 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-486/8 од 19.12.2019 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и истата ја достави до директорот на Државен управен инспекторат.

Согласно со член 52 став 6 од Законот за административни службеници „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го во вид горенаведениот член, државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
-Архива на Државен управен инспекторат.

Директор
Фаниша Николоска

Изработил: Божидар Секуловски

Scanned by CamScanner